РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr. 12-2728/1
02-09-2026 г./v.

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 35-та седница одржана ден 16.07.2026 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-2712/1 од 21.10.2024 година против лицето ----------------- од ---------------, вработен во ЈП Национални Шуми, ПШС ------------------------, **СЕ ЗАПИРА.**

Предметот со списите да се достави на надлежно постапување до Основното јавно обвинителство -Радовиш.

Предметот со број 12-2712/1 од 21.10.2024 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата е поднесена пријава од непознат подносител со наводи за сомневање против лицето ----------------- од -----------, вработен во ЈП Национални Шуми во ПШС --------------------- на работно место референт за користење шуми и дотур, поради сомневање за злоупотреба на службената положба и овластување со вршење на влијание јавното претпријатие каде што е вработен да склучи неколку договори за јавна набавка за сеча, дотур и превоз на дрвца, со фирмата на неговиот татко ------------, кој бил поранешен вработен во истото јавно претпријатие.

Државната комисија постапувајќи по поднесената пријава во рамки на предмет оформен во Одделението за спречување на судир на интереси и лобирање со број ---------/1 од 30.04.2024 година и прибави информации и документација од ЈП Национални шуми Скопје, при што по разгледување на добиената документација оцени дека дека не постојат основи

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

за поведување на постапка за утврдување на состојба за судир на интереси кај лицето ---------- од -------------, согласно член 76 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси, по што предметот е префрлен за понатамошно постапување во Секторот за спречување на корупција со цел наводите од пријавата да се разгледаат од аспект на постоење на злоупотреба на службената должност кај пријавениот како вработено лице во ЈП Национални шуми - Скопје при склучување на повеќе договори за купопродажба на огревно дрво и за сеча со дотур на дрвни сортименти и превоз со утовар и растовар на дрвни сортименти, со правни лица во сопственост и чиј управител е блиско лице на пријавениот.

Од увид во доставената документација од ЈП Национални шуми Скопје е видно дека лицето ------------------ било вработено на ден 09.02.2024 година во ПШС --------- - ----------, по основ на Одлука за избор на вработување на работници на неопределено време по јавен оглас ---/------ бр.-------/------- од 25.01.2024 година, а од 27.02.2024 година ги извршувал работните задачи во ПШС -----------, односно во местото на живеење. Од 25.06.2024 година ------------- е прераспореден во ПШС ----------- – ------------- како Референт за користење на шуми и дотур. Видно од склучените договори на ЈП Национални шуми Скопје со правните лица ------------------ ДООЕЛ ------------- и -------------- ДОО ------------ со број -------/-- од 31.01.2024 година, број -----------/-- од 06.02.2024 година, со број --------/--- од 22.04.2024 година, број --------/-- од 26.04.2024 година, број ---------/--- од 27.05 2024 година и -------/----- од 10.06.2024 година, е дека се склучени во текот на 2024 година, односно во период кога лицето ------------------ извршувал работни задачи во ПШС --------------. Исто така, на договорот за сеча со дотур на дрвни сортименти и превоз со утовар и растовар на дрвни сортименти со број --------/--- од 22.04.2024 година лицето --------------- е наведено како управител на друштвото-економскиот оператор ------------------- ДООЕЛ ------------- кој согласно договорот ја врши услугата превоз со утовар и растовар на дрвни сортименти. Истото е случај и кај договорите за купопродажба на огревно дрво со број -------/--- од 31.01.2024 година, број --------/--- од 06.02.2024 година, склучени со правното лице --------------------- ДООЕЛ ------------- како купувач, кое е претставувано од директорот -------- ----------, овде пријавениот.
Видно од податоците од Централниот регистар на РСМ за тековната состојба на Друштво за производство, услуги и трговија ------------------ ДОО ----------------- е дека сопственици се лицата ---------------------- и ----------------------- од Радовиш, а овлестено лице е -------------------.
Од податоците од Централниот регистар на РСМ за тековната состојба на Друштво за превоз, производство, трговија и услуги -------------------------- ДООЕЛ ----------- е дека сопственик и управител е лицето ----------------------------.

Имајќи предвид дека според јавно достапни информации Основното јавно обвинителство – Радовиш веќе постапува по кривични пријави во врска со незаконитости во работењето работењето на ЈП Национални шуми, ПШС ----------------------------, Државната комисија

оцени дека е целисходно пријавата заедно со целокупната документација прибавена при постапувањето да ја достави на натамошно надлежно постапување до Основното јавно обвинителство – Радовиш, со цел преземање на потребни дејствија за откривање на можни кривични дела при склучувањето и реализацијата на погоренаведените договори помеѓу ЈП Национални шуми Скопје со правните лица ---------------------------- ДООЕЛ -------------- и ---------------------------- ДОО -------------------.

Од наведените причини, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: С.С.М., Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија